Бр. 09-987/1
20.9.2024
Скопје

Врз основа на член 4, став 2 од Правилникот за користење на средствата од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за научноистражувачки проекти (Универзитетски гласник бр. 535/2021), Ректорската управа на Универзитетот објавува

**К О Н К У Р С**
**за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за 2024/2025 година**

**1. Корисници**

1.1. На овој Конкурс за доделување на средства од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за финансирање на научноистражувачки проекти, може да конкурираат факултетите и научните институти во состав на Универзитетот (во натамошниот текст: единици).

1.2. Секоја единица на Универзитетот има право за финансирање да предложи еден научноистражувачки проект (во натамошниот текст: проект).

1.3. Во случај кога се поднесени повеќе барања до единицата, единицата, врз претходно усвоени свои критериуми, врши интерна селекција на пријавите по конкурсот и избира пријава со која аплицира на Конкурсот.

**2. Критериуми**

Критериуми за доделување на средства се:

2.1. Проектот да не е финансиран од други извори.

2.2. Согласност од раководителот на проектот дека:

- проектот со информација за резиме, цели и резултати ќе биде презентиран на веб-страницата на единицата и ќе биде обезбеден линк кон Универзитетот;
- податоците за проектот и трудовите со публикувани резултати ќе бидат внесени во Репозиториумот на Универзитетот;
- од резултатите на проектот, ќе биде публикуван минимум еден труд во списание или на научно-стручен собир, односно настан согласно со научноистражувачкото подрачје, при што во соодветен дел од трудот ќе бидат наведени насловот и кодот на проектот од кој е финансиран, со цел подобрување на видливоста на Универзитетот.

2.3. Во финансискиот план, максималното учество на авторските хонорари да изнесува до 25%.

2.4. Дел од средствата во финансискиот план можат да бидат наменети за публикување на резултатите.

Активностите од т. 2.2., алинеи 1, 2 и 3 ќе се завршат до крајот на периодот за реализација на проектот. Дополнително за алинеја 3, во извештајниот рок ќе се прифати доставување потврда/документ за прифатен труд за публикување во списание или за труд во процес на рецензирање.

Раководителот на проектот е од редот на наставниот кадар на единицата, а притоа се препорачува предност да се даде на раководител избран во звањето доцент или вонреден професор, односно еквивалентни научни звања.

Препорака е темите на научноистражувачките проекти да бидат насочени во областите на вертикалните или хоризонталните приоритети нотирани во Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија, за единиците чии научноистражувачки полиња на интерес тоа го

овозможуваат, а со цел Универзитетот преку научните истражувања и резултати да даде придонес во реализацијата на Стратегијата. Притоа, се потикнува интердисциплинарност на проектните тимови.

За трудовите кои во наредните 3 години ќе произлезат од предложените истражувања во научноистражувачките проекти, а ќе бидат објавени во научни списанија со фактор на влијание кои не се публикувани од издавачките куќи MDPI и Frontiers, а за кои според издавачката политика за отворен пристап има финансиски надомест, ќе биде рефундиран износ до 50.000,00 од страна на Универзитетот.

3. **Финансирање**

3.1. Финансиските средства за реализација на проектот се префрлаат на единицата на Универзитетот по донесувањето на Одлуката за финансирање на проектите за 2024/2025 година од страна на Ректорската управа;
Усвоениот извештај за проектот на единицата од претходниот Конкурс е услов за започнување на финансирањето по овој Конкурс.

3.2. Вкупниот буџет по проект за овој Конкурс, согласно со средствата од интегративните функции, изнесува 150.000,00 денари.

4. **Постапка и рокови за реализација**

4.1. Постапка:
- единиците доставуваат пријава по Конкурсот, која ги содржи елементите наведени во точка 5 од Конкурсот;
- пријавата се доставува до Комисијата за наука на Универзитетот во определениот рок, преку архивата и на електронската адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk.

4.2. Рокови:
- поднесување пријава по Конкурсот: 20.11.2024 година;
- временски период за искористување на добиените средства: 12 месеци, заклучно со 31.12.2025 година;
- временски рок за доставување на финалниот извештај: 30.1.2026 година.

5. **Елементи на пријавата за научноистражувачки проект**

Учесниците на Конкурсот доставуваат пријава по Конкурсот за доделување на средства за финансирање научноистражувачки проекти, составена од:
- изготвен НИП – Образец 1;
- одлука од наставно-научниот/научниот совет на единицата за прифаќање на пријавата;
- информација од деканот дека се исполнети условите од точка 2.1. од овој Конкурс.

6. **Елементи на финалниот извештај**

Корисникот на доделените средства доставува извештај за реализација на проектот, согласно со рокот наведен во точка 6, до Комисијата за наука и до Комисијата за финансии, инвестиции и развој, составен од:
- изготвени НИП – Образец 2 и НИП – Образец 3;
- одлука од наставно-научниот/научниот совет на единицата за прифаќање на извештајот.

7. **Прилози**

Прилози на Конкурсот се:
- НИП – Образец 1;
- НИП – Образец 2;
- НИП – Образец 3;
- НИП - Образец-согласност од раководителот на проектот.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ректорска управа**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk